Бр/Nr. 02 - 13999/1
Скопје/Shkup 20 -12- 2024 година/viti

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Извештај за финансиското работење на претпријатието за третиот квартал од 2024 година

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

СОДРЖИНА:

I. ВОВЕД....3

II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ....4

III. ПРИХОДИ....6

IV. ТРОШОЦИ И РАСХОДИ....11

V. БИЛАНС НА СОСТОЈБА....15

VI. БИЛАНС НА УСПЕХ....17

VII. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА....19

# I. ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта (во натамошниот текст: ЈПДП) е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на РМ бр.1 од 02.01.2013 година. Претпријатието е запишано во Централен Регистар на РМ со ЕМБС 6839673 и е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Основна цел и дејност на ЈП за државни патишта е планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на патиштата и управување со државните патишта. Со тоа ЈП за државни патишта останува двигател на патната инфраструктура во Република Северна Македонија.

Извештајот за финансиското работење на претпријатието за третиот квартал од 2024 година се изготвува согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија и се однесува за периодот од јули – септември 2024 година и истиот се доставува до Владата на Република Северна Македонија.

Во извештајниот период ЈПДП ги реализираше приходите и трошоците согласно Финансискиот план за 2024 година, како и инвестициите согласно Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2024 година.

## II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| Ред. бр. | ОПИС | План III квартал 2024 | Остварено III квартал 2024 | Остварено III квартал 2023 | Структ. Анал. III квартал 2024 | Спор. оств. III квартал/ план 2024 | Спор. оств. III квартал 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **3,111,250,000** | **4,720,948,423** | **3,318,452,583** | 100.00% | 1.52 | 1.42 |
| 1.1 | Приходи од патарина | 1,100,000,000 | 1,347,734,911 | 1,266,894,609 | 28.55% | 1.23 | 1.06 |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 575,000,000 | 592,223,832 | 553,259,169 | 12.54% | 1.03 | 1.07 |
| 1.3 | Други приходи | 22,500,000 | 12,623,253 | 9,959,260 | 0.27% | 0.56 | 1.27 |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1,375,000,000 | 1,524,692,628 | 1,405,302,191 | 32.30% | 1.11 | 1.08 |
| | **Вкупно приходи од работењето** | **3,072,500,000** | **3,477,274,624** | **3,235,415,229** | | 1.13 | 1.07 |
| 1.5 | Приходи од камати | 1,250,000 | 437,607 | 301,047 | 0.01% | 0.35 | 1.45 |
| 1.6 | Приходи од позитивни курсни разлики | 37,500,000 | 1,243,236,192 | 82,736,307 | 26.33% | 33.15 | 15.03 |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **38,750,000** | **1,243,673,799** | **83,037,354** | | 32.09 | 14.98 |
| 2 | **ВКУПНИ ТРОШОЦИ И РАСХОДИ** | **2,358,287,500** | **1,523,279,445** | **2,272,405,802** | **100.00%** | **0.65** | **0.67** |
| 2.1 | Трошоци за материјали, енергија и ситен инвентар | 63,287,500 | 30,599,273 | 30,563,164 | 2.01% | 0.48 | 1.00 |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 400,000,000 | 367,464,718 | 463,765,021 | 24.12% | 0.92 | 0.79 |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 112,500,000 | 192,844,092 | 64,748,095 | 12.66% | 1.71 | 2.98 |
| 2.4 | Трошоци за вработените | 165,000,000 | 145,769,360 | 96,477,287 | 9.57% | 0.88 | 1.51 |
| | **Вкупно трошоци од работењето** | **740,787,500** | **736,677,443** | **655,553,567** | | **0.99** | **1.12** |
| | **Оперативна Добивка/загуба од работењето** | **2,331,712,500** | **2,740,597,181** | **2,579,861,662** | | **1.18** | **1.06** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.5 | Амортизација | 650,000,000 | 537,755,412 | 533,448,118 | 35.30% | 0.83 | 1.01 |
| 2.6 | Расходи за камати | 92,500,000 | 244,327,884 | 188,246,657 | 16.04% | 2.64 | 1.30 |
| 2.7 | Расходи од негативни курсни разлики | 875,000,000 | 4,518,706 | 895,157,460 | 0.30% | 0.01 | 0.01 |
| | **Вкупно финансиски расходи и Амортизација** | **1,617,500,000** | **786,602,002** | **1,616,852,235** | | **0.49** | **0.49** |
| 3 | **Финансиски резултат (добивка/загуба)** | **752,962,500** | **3,197,668,978** | **1,046,046,781** | | **4.25** | **3.06** |
| 4 | Вкупни неизмирени обврски (краткорочни) | | 3,782,517,240 | 2,349,787,323 | | | |
| 5 | Вкупни побарувања | | 266,902,762 | 186,345,172 | | | |
| 6 | Состојба на сметки (денарска и девизна) | | 1,761,296,683 | 1,393,772,382 | | | |
| 7 | Вкупен број на вработени лица | | 504 | 501 | | | |
| | Број на лица враб. на неопределено време во претпријатието | | 500 | 354 | | | |
| | Број на привремено враб. во претпријатието | | 4 | 147 | | | |
| 8 | Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието | | 52,189 | 43,311 | | | |

Оперативната добивка за третиот квартал во 2024 година изнесува 2.740.597.181 денари и истата е за 18 % повисока од планираната и за 6% поголема од претходната година.

Финансискиот резултат за третиот квартал во 2024 година изнесува 3.197.668.978 денари. Ставките кои влијаат на финансискиот резултат во најголема мера се од екстерна природа и на нив претпријатието речиси и не може да влијае. Како показател за успешноста на работењето во анализите претставува оперативната добивка, за разлика од нето добивката над која што најголемо влијание имаат курсните разлики.

## III. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавните патишта и за работење на Јавното претпријатие се обезбедуваат од:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;

2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);

3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);

4) надоместок за:

а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас,

б) приклучување на пристапен пат на јавен пат,

в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас;

г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место,

д) прекумерно користење на пат,

ѓ) вонредниот превоз и

е) штета сторена на патот и објектите на патот;

5) средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на општините и на градот Скопје;

6) заеми, кредити и грант средства од МФИ

7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта.

➢ Табеларен приказ на спецификуваните приходи

| Ред. Бр. | СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ | План III квартал 2024 | Остварено III квартал 2024 | Остварено III квартал 2023 | Структ. Анал. III квартал 2024 | Спор. оств. III квартал/ план 2024 | Спор. оств. III квартал 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Патарина | 1,100,000,000 | 1,347,734,911 | 1,266,894,609 | 28.55% | 1.23 | 1.06 |
| 1.2 | Регистрација (патна такса) | 575,000,000 | 592,223,832 | 553,259,169 | 12.54% | 1.03 | 1.07 |
| 1.3 | Други приходи | 22,500,000 | 12,623,253 | 9,959,260 | 0.27% | 0.56 | 1.27 |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1,375,000,000 | 1,524,692,628 | 1,405,302,191 | 32.30% | 1.11 | 1.08 |
| | **Вкупни оперативни приходи** | **3,072,500,000** | **3,477,274,624** | **3,235,415,229** | | **1.13** | **1.07** |
| 2 | **Останати приходи** | | | | | | |
| 2.1 | Приходи од камати | 1,250,000 | 437,607 | 301,047 | 0.01% | 0.35 | 1.45 |
| 2.2 | Приходи од позитивни курсни разлики | 37,500,000 | 1,243,236,192 | 82,736,307 | 26.33% | 33.15 | 15.03 |
| | **Вкупно останати приходи** | **38,750,000** | **1,243,673,799** | **83,037,354** | | **32.09** | **14.98** |
| | **Вкупно приходи** | **3,111,250,000** | **4,720,948,423** | **3,318,452,583** | **100.00%** | **1.52** | **1.42** |

Во периодот јули - септември 2024 година ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) во износ од 1.347.743.911 денари, односно 23% од вкупно планираниот приход по овој основ за 2024 година. Во споредба со

истиот период од 2023 година, приходот од патарина е поголем за 6%, односно за 80.840.302 денари. Висината на надоместокот е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45 -3763/1 од 03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

2. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, во износ од 592.223.832 денари, што е поголем за 3% од квартално планираниот приход по таа основа за 2024 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот врз оваа основа е поголем за 7% или за 38.964.663 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот.

3. Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта за третиот квартал во 2024 година изнесуваат 12.623.253 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот

појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", приходи остварени од наплата на гаранции, пресметани приходи од побарувања по основ на судски предмети и други приходи.

4. Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати, во третиот квартал од 2024 година изнесува 1.524.692.628 денари, односно за 11% повеќе од квартално планираните за 2024 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е поголем за 8% или за 119.390.437 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

5. Финансиските приходи во третиот квартал изнесуваат 1.243.673.799 денари, од кои 437.607 денари се приходи од камати и 1.243.236.192 денари се пресметани позитивни курсни разлики.

➢ Графички приказ на специфицираните приходи



## VIII. ТРОШОЦИ И РАСХОДИ

➢ Табеларен приказ на специфицираните расходи

| Ред. Бр. | СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ | План III квартал 2024 | Остварено III квартал 2024 | Остварено III квартал 2023 | Структ. Анал. III квартал 2024 | Спор. оств. III квартал/ план 2024 | Спор. оств. III квартал 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Трошоци за суровини и материјали | 63,287,500 | 30,599,273 | 30,563,164 | 2.01% | 0.48 | 1.00 |
| 1.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 400,000,000 | 367,464,718 | 463,765,021 | 24.12% | 0.92 | 0.79 |
| 1.3 | Останати трошоци од работењето | 112,500,000 | 192,844,092 | 64,748,095 | 12.66% | 1.71 | 2.98 |
| 1.4 | Трошоци за вработени | 165,000,000 | 145,769,360 | 96,477,287 | 9.57% | 0.88 | 1.51 |
| | **Вкупни оперативни расходи** | **740,787,500** | **736,677,443** | **655,553,567** | | **0.99** | **1.12** |
| 2 | **Останати расходи** | | | | | | |
| 2.1 | Амортизација | 650,000,000 | 537,755,412 | 533,448,118 | 35.30% | 0.83 | 1.01 |
| 2.2 | Расходи по основ на камати | 92,500,000 | 244,327,884 | 188,246,657 | 16.04% | 2.64 | 1.30 |
| 2.3 | Расходи по основ на курсни разлики | 875,000,000 | 4,518,706 | 895,157,460 | 0.30% | 0.01 | 0.01 |
| | **Вкупно финансиски расходи и амортизација** | **1,617,500,000** | **786,602,002** | **1,616,852,235** | **51.64%** | **0.49** | **0.49** |
| | **Вкупно расходи** | **2,358,287,500** | **1,523,279,445** | **2,272,405,802** | **100.00%** | **0.65** | **0.67** |

Во периодот јули - септември 2024 година направени се трошоци и расходи во вкупен износ од 1.523.279.445 денари.

1. За трошоци за суровини и материјали и електрична енергија квартално потрошени се 30.599.273 денари, од кои: за трошоци за канцелариски материјали потрошени се 393.502 денари, за трошоци за материјали за одржување хигиена потрошени се 124.235 денари, трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици потрошени се 1.458.289 денари, за трошоци за вода и други напитоци потрошени се 271.543 денари и за трошоци за електрична енергија, гориво, парно и др. потрошени се 28.351.704 денари.

2. За трошоци за Услуги со карактер на материјални трошоци квартално потрошени се 367.464.718 денари, од кои: за трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет потрошени се 5.917.292 денари, трошоци за одржување патишта (Македонија пат) потрошени се 260.419.782 денари, трошоци за одржување на електро енергетски објекти, осветлување и сигнализација потрошени се 25.185.830 денари, трошоци за чистење канавки, пропусти, риголи и кресање банкини потрошени се 16.718.168 денари, трошоци за одржување, надградба на систем за броење на возила потрошени се 3.912.793 денари, трошоци за одржување системи во тунели Демир Капија потрошени се 1.418.821 денари, трошоци за одржување на опрема и објекти на ЈПДП, одржување патни делници Штип-Радовиш и Штип – Кочани, одржување на софтвер, одржување ПП систем и апарати и други трошоци за одржување потрошени се 8.181.812 денари, режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, паркинг услуги и др. потрошени се 1.518.250 денари, трошоци за одржување на софтвер потрошени се 1.836.517 денари, трошоци за регистрација на возила потрошени се 83.223 денари, трошоци за провизија за здруженија за технички преглед потрошени се 25.902.943 денари, трошоци за надзор потрошени се 13.837.058 денари, услуги за проектирање потрошени се 70.771 денари, наем на опрема потрошени се 2.453.579 денари и провизија за привремени вработувања потрошени се 7.879 денари.

3. За Останати трошоци од работењето квартално потрошени се 192.844.092 денари, од кои: за надоместоци за членови на УО и НО потрошени се 591.927 денари, Спонзорства и донации потрошени се 100.000 денари, трошоци за репрезентација потрошени се 39.900 денари, трошоци за осигурување патнички возила потрошени се 275.146 денари, трошоци за банкарски провизии потрошени се 23.198.894 денари, останати трошоци (административни, судски, нотарски такси) потрошени се 431.551 денари, услуги за превод- потрошени се 205.311 денари, консултантски услуги- потрошени се 10.007.468 денари, трошоци за поврат на транспортери потрошени се 20.946.440 денари, трошоци за вештачења, адвокатски услуги, геодетски услуги денари, претплата за стручни списанија и др. потрошени се 3.061.786 денари, трансфери кон ЕЛС потрошени се 133.985.669 денари.

4. Трошоците за вработените за третиот квартал во извештајната година изнесува 145.769.360 денари, и тоа: за трошоци за бруто плати 122.087.576 денари, трошоци за превоз на инкасанти, обуки и други 8.012.826 денари, трошоци за солидарна помош, отпремнини за пензија, регрес за годишен одмор и друго 15.530.873 денари и трошоци за службени патувања 138.085 денари.

5. Пресметаниот трошок за амортизација за третиот квартал во извештајната година изнесува 537.755.412 денари.

6. Расходите за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи) за третиот квартал во извештајната година изнесуваат 248.846.590 денари, и тоа: негативните курсни разлики изнесуваат 4.518.706 денари и каматите изнесуваат 244.327.884 денари.

Напомена: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики согласно меѓународните сметководствени стандарди и пресметковниот начин на водење на сметководството, влијаат на остварениот финансиски резултат, а

произлегуваат од користењето и отплатата на странските кредити, односно од вкупната кредитна задолженост на ЈП за државни патишта. Пресметаните курсни разлики (позитивни или негативни) во најголема мерка зависат од движењето на курсот на американскиот долар, валута во која ЈП за државни патишта го има склучено договорот со Кинеската Ексим банка за финансирање на изградбата на патните правци Кичево – Охрид и Миладиновци – Штип.

➢ Графички приказ на специфицираните расходи



## IX. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба ја покажува состојбата на средствата и изворите на претпријатието на 30.09.2024 година. Билансот на состојба е статички и кумулативен преглед, кој го набљудува претпријатието во даден момент и ја прикажува состојбата на средствата, изворите и капиталот кои произлегуваат од сите активности во претпријатието од неговото основање до денот на составување на билансот. Вредностите на ставките во Билансот на состојба се искажани според нивниот износ при набавка на средството, корегирани за промените што настанале.

| Ред. Бр. | БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено 01.01.2024 - 30.09.2024 | Остварено 01.01.2023 - 30.09.2023 | Струк. анал. 2024 | 2024/ 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | |
| 1 | **Тековни средства** | **2,030,492,024** | **1,582,289,716** | | 1.28 |
| 1.1 | Парични средства | 1,761,296,682 | 1,393,772,382 | 1.15% | 1.26 |
| 1.2 | Краткорочни Побарувања | 266,902,762 | 186,345,171 | 0.17% | 1.43 |
| 1.3 | Залихи | 2,292,580 | 2,172,163 | 0.00% | 1.06 |
| 2 | **Нетековни средства** | **151,046,920,640** | **136,793,935,041** | | 1.10 |
| 2.1 | **Нематеријални средства** | **6,221,000** | **7,475,370** | | 0.83 |
| 2.1.1 | Концесии, патенти, лиценци и др. | 6,221,000 | 7,475,370 | 0.00% | 0.83 |
| 2.2 | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **151,040,699,640** | **136,779,470,581** | | 1.10 |
| 2.2.1 | Недвижности | 73,276,172,937 | 70,527,947,703 | 47.87% | 1.04 |
| 2.2.2 | Постројки и опрема | 40,074,023 | 53,556,375 | 0.03% | 0.75 |
| 2.2.3 | Транспортни средства | 12,695,244 | 15,199,471 | 0.01% | 0.84 |
| 2.2.4 | Канцелариски инвентар и мебел | 2,510,851 | 2,289,630 | 0.00% | 1.10 |
| 2.2.5 | Аванси за набавка на материјални средства | 3,287,266,885 | 3,390,685,469 | 2.15% | 0.97 |
| 2.2.6 | Материјални средства во подготовка | 74,421,710,395 | 62,789,522,628 | 48.62% | 1.19 |
| 2.2.7 | Останати материјално вложувања | 269,305 | 269,305 | 0.00% | 1.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.3 | **Долгорочни финансиски вложувања** | 0 | 6,989,090 | | 0.00 |
| 2.3.1 | Побарувања по дадени долгорочни заеми | 0 | 6,989,090 | 0.00% | 0.00 |
| | **Вкупна актива** | 153,077,412,664 | 138,376,224,757 | 100.00% | 1.11 |
| | | | | | |
| | ПАСИВА | | | | |
| 1 | **Обврски** | 61,250,845,612 | 56,588,221,789 | | 1.08 |
| 1.1 | **Краткорочни обврски** | 3,782,517,240 | 2,349,787,323 | | 1.61 |
| 1.1.1 | Обврски кон добавувачи | 1,442,497,465 | 470,859,767 | 0.94% | 3.06 |
| 1.1.2 | Обврски за аванси и депозити | 1,767,253,286 | 1,263,007,247 | 1.15% | 1.40 |
| 1.1.3 | Тековни даночни обврски | 57,801,336 | 66,946,394 | 0.04% | 0.86 |
| 1.1.4 | Обврски по заеми и кредити | 514,965,153 | 548,973,915 | 0.34% | 0.94 |
| 1.2 | **Долгорочни обврски** | 57,468,328,372 | 54,238,434,467 | | 1.06 |
| 1.2.1 | Обврски по заеми и кредити | 57,290,205,066 | 54,061,520,689 | 37.43% | 1.06 |
| 1.2.2 | Останати долгорочни резервирања | 178,123,306 | 176,913,778 | 0.12% | 1.01 |
| 2 | **Капитал и резерви** | 75,461,777,552 | 68,746,734,734 | | 1.10 |
| 2.1 | Капитал | 5,000,000 | 5,000,000 | 0.00% | 1.00 |
| 2.2 | Ревалоризирана резерва | 9,796,453,000 | 9,796,453,000 | 6.40% | 1.00 |
| 2.3 | Резерви | 3,448,047,142 | 1,473,676,472 | 2.25% | 2.34 |
| 2.4 | Акумулирана Добивка | 51,581,909,145 | 50,108,232,673 | 33.70% | 1.03 |
| 2.5 | Добивка за деловна година | 10,630,368,265 | 7,363,372,589 | 6.94% | 1.44 |
| 3 | **Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР)** | 16,364,789,500 | 13,041,268,234 | 10.69% | 1.25 |
| | **Вкупна пасива** | 153,077,412,664 | 138,376,224,757 | 100.00% | 1.11 |

Вкупната актива/пасива во Билансот на состојба до 30.09.2024 година изнесува 153.077.412.664 денари. Во однос на истиот период претходната 2023, кога изнесувала 138.376.224.757 денари, бележи зголемување од 11%. Во активата најголемо зголемување, согласно структурната и споредбената анализа, има во материјалните средства и вложувања во недвижности т.е инвестициите во тек. Додека во пасивата, зголемувањето е најголемо кај долгорочните обврски т.е. обврските по заеми и кредити, а исто така зголемување има и кај краткорочните обврски, односно кај обврските кон добавувачи и обврските по дадени депозити и аванси.

## X. БИЛАНС НА УСПЕХ

Билансот на успех ги покажува вкупно остварените приходи и расходи од работењето на ЈПДП за третиот квартал 2024 година и финансискиот резултат за истиот период.

Во табелата што следи дадени се споредбени податоци за третиот квартал од тековната година со истиот период претходната 2023 година и со планираните квартални резултати за 2024 години.

| **Ред. бр.** | **БИЛАНС НА УСПЕХ** | **План III квартал 2024** | **Оств. III квартал 2024** | **Оств. III квартал 2023** | **Струк. Анал. 2024** | **Спор. 2024/ 2023** | **Спор. 2024/ план** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Патарина | 1,100,000,000 | 1,347,734,911 | 1,266,894,609 | 28.55% | 1.06 | 1.23 |
| 1.2 | Регистарција (патна такса) | 575,000,000 | 592,223,832 | 553,259,169 | 12.54% | 1.07 | 1.03 |
| 1.3 | Акциза | 1,375,000,000 | 1,524,692,628 | 1,405,302,191 | 32.30% | 1.08 | 1.11 |
| 1.4 | Други приходи | 22,500,000 | 12,623,253 | 9,959,260 | 0.27% | 1.27 | 0.56 |
| | **Вкупно приходи од дејноста** | **3,072,500,000** | **3,477,274,624** | **3,235,415,229** | | **1.07** | **1.13** |
| 2 | **Финансиски приходи** | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 1,250,000 | 437,607 | 301,047 | 0.01% | 1.45 | 0.35 |
| 2.2 | Позитивни курсни разлики | 37,500,000 | 1,243,236,192 | 82,736,307 | 26.33% | 15.03 | 33.15 |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **38,750,000** | **1,243,673,799** | **83,037,354** | | **14.98** | **32.09** |
| | **Вкупно приходи** | **3,111,250,000** | **4,720,948,423** | **3,318,452,583** | **100.00%** | **1.42** | **1.52** |
| | | | | | | | |
| 1 | **Трошоци од дејноста** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија и сл. | 63,287,500 | 30,599,273 | 30,563,164 | 2.01% | 1.00 | 0.48 |
| 1.2 | Трошоци за услуги со карактер на материјани трошоци | 400,000,000 | 367,464,718 | 463,765,021 | 24.12% | 0.79 | 0.92 |
| 1.3 | Трошоци за вработените | 165,000,000 | 145,769,360 | 96,477,287 | 9.57% | 1.51 | 0.88 |
| 1.4 | Останати трошоци од работењето | 112,500,000 | 192,844,092 | 64,748,095 | 12.66% | 2.98 | 1.71 |
| | **Вкупно трошоци од дејноста** | **740,787,500** | **736,677,443** | **655,553,567** | | **1.12** | **0.99** |
| 2 | **Фин. расходи и амортизација** | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 92,500,000 | 244,327,884 | 188,246,657 | 16.04% | 1.30 | 2.64 |
| 2.2 | Негативни курсни разлики | 875,000,000 | 4,518,706 | 895,157,460 | 0.30% | 0.01 | 0.01 |
| 2.3 | Амортизација | 650,000,000 | 537,755,412 | 533,448,118 | 35.30% | 1.01 | 0.83 |
| | **Вкупно останати расходи** | **1,617,500,000** | **786,602,002** | **1,616,852,235** | | **0.49** | **0.49** |
| | **Вкупно расходи** | **2,358,287,500** | **1,523,279,445** | **2,272,405,802** | **100.00%** | **1.61** | **0.65** |
| | **Финансиски резултат** | **752,962,500** | **3,197,668,978** | **1,046,046,781** | | **3.06** | **4.25** |

Во Билансот на успех се содржани оперативните приходи, кои за извештајниот период изнесуваат 3.477.274.624 денари, и оперативните или општите трошоци, кои изнесуваат 736.677.443 денари. Нивната разлика ја дава оперативната добивка или добивка од работењето, која за третиот квартал 2024 година изнесува 2,740,597,181 денари. Оперативната добивка во третиот квартал 2024 година е поголема од претходната 2023 година за 6%, а 18% поголема е и од планираната оперативна добивка за третиот квартал за 2024 година.

## XI. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

Инвестициите се вбројуваат меѓу најзначајните фактори на економскиот развој. ЈПДП, средсва за инвестиции ги обезбедува од домашни заштеди и странски кредити.

Во табелата што следи се прикажани инвестиции од сопствени средства и инвестициите со странски кредити, како и инвестициите од буџетски средства остварени во третиот квартал 2024 година и нивната споредба со претходната година за истиот квартал.

| Годишна Програма | Програма 2024 | Реализација 2024 | Реализација 2023 | Струк. Анал. 2024 | Споредба 2024/2023 | Оств. /план. 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИНВЕСТИЦИИ** | **18,910,871,044** | **3,574,770,410** | **4,476,097,954** | **100.00%** | **0.80** | **0.19** |
| **Инвестиции од сопствени средства** | **3,570,000,000** | **943,672,288** | **1,267,823,815** | | **0.74** | **0.26** |
| Градба и рехабилитација на државни патишта | 1,200,000,000 | 359,523,346 | 530,536,030 | 11.85% | 0.68 | 0.30 |
| Свлечишта и рехабилитација на мостови и тунели | 100,000,000 | 12,653,232 | 17,258,120 | 0.39% | 0.73 | 0.13 |
| Осветлување и Сигнализација и опрема на патишта | 100,000,000 | 0 | 3,089,700 | 0.07% | 0.00 | 0.00 |
| Сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 450,000,000 | 325,700,263 | 179,116,443 | 4.00% | 1.82 | 0.72 |
| Инвестиционо одржување | 720,000,000 | 2,172,886 | 318,127,037 | 7.11% | 0.01 | 0.00 |
| Експропријација | 300,000,000 | 106,980,703 | 42,341,184 | 0.95% | 2.53 | 0.36 |
| Проектирање | 100,000,000 | 12,026,064 | 8,868,809 | 0.20% | 1.36 | 0.12 |
| Надзор над градежни работи | 550,000,000 | 124,615,794 | 147,874,242 | 3.30% | 0.84 | 0.23 |
| Опрема и Софтвер | 50,000,000 | 0 | 20,612,250 | 0.46% | 0.00 | 0.00 |
| **Инвестиции од странски кредити** | **9,445,000,000** | **2,248,252,050** | **2,559,340,248** | | **0.88** | **1.14** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Инвестиции со кредит од Светска банка | 2,630,000,000 | 172,853,586 | 252,648,494 | 5.64% | 0.68 | 1.46 |
| Инвестиции со кредит од ЕБОР | 3,715,000,000 | 274,595,621 | 830,380,049 | 18.55% | 0.33 | 3.02 |
| Инвестиции со кредит од Ексим Банка | 3,100,000,000 | 1,800,802,843 | 1,476,311,705 | 32.98% | 1.22 | 0.82 |
| **Инвестиции од буџетски средства** | **5,895,871,044** | **382,846,072** | **648,933,891** | **14.50%** | **0.59** | **1.70** |

- Графички приказ на инвестиции според изворите на финансирање




**В.Д. Директор**

**Коце Трајановски**

Изработил: Маја Т. Петрушевски

Контролирал/Одобрил: Татјана Миновска